Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 57-1128/2
24 03 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Архивски знак
Рок на чување

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

## 1. Податоци за избраната Програма

Име на програмата во Министерство за култура:

- Годишни конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година по дејности и области

Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:

- Сектор за дејности од областа на културата и уметноста, Одделение за интердисциплинарни проекти и креативни индустрии,

Вид на програмата

☐ Хоризонтална
☐ Вертикална

Во заложбите за натамошна промоција на културните политики, Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за култура, во 2018 година ја донесе Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија 2018-2022 година (Службен весник на РМ бр 81/18, во натамошниот текст: Националната стратегија).

Националната стратегија претставува основен стратегиски документ за областа на култура, како за работа на Министерството за култура така и за други субјекти кои делуваат во полето на културата.

Националната стратегија поаѓа од јасно определена визија за развој на културата во Република Северна Македонија и од основната мисија што треба да ја спроведува Министерството за култура во периодот 2018-2022 година. Исто така, Националната стратегија утврдува општи и поединечни цели, кои произлегуваат од согледување на состојбите во културата во претходната деценија. Притоа, овој документ определува принципи и насоки за идниот стратегиски развој и назначува различни приоритети во дејностите од културата.

Националната стратегија се раководи од визијата за демократски, плурален, секуларен, слободен, динамичен, рамномерен и одржлив културен развој заснован на рамноправен пристап и учество, како и на одговорно и ефикасно раководење, поаѓајќи од уверувањето дека правото на култура е основно и неприкосновено човеково право.

Поаѓајќи од потребата за градење силна и стабилна демократија, општите цели на Националната стратегија се овозможување на еднакви културни права за сите и создавање услови за негување на слободата и разноликоста на творештвото и на културните

идентитети.

Културни можности за секого, согласно Стратегијата подразбираат:

- Поттикнување на уметничкото творештво, културниот развој, образованието и креативниот потенцијал,
- Негување на уметничката извонредност, експеримент и иновација,
- Овозможување на достапност и учество во културните процеси,
- Вложување во развојот на публиката и на културните потреби на граѓаните.

Културен капитал, разновидност, соработка подразбира:

- Да се афирмира културата како клучен економски, социјален и политички капитал и фактор што го шири демократскиот јавен простор,
- Да се негуваат македонскиот јазик, јазиците на заедниците и интеркултурната комуникација,
- Унапредување на заемното разбирање, дијалогот и рамноправната вклученост на ранливите и маргинализираните групи во културната продукција и во социо-културниот живот, со што културата ќе се презентира како фактор на општествена кохезија и трансформација,
- Да се обезбеди заштита, управување и вреднување на културното наследство во согласност со современите европски практики,
- Да се зајакне независниот културен сектор како важен социокултурен чинител,
- Да се развиваат регионалната и меѓународната културна соработка врз принципите на партнерство и размена.

Од друга страна, во согласност со своите определби за европска интеграција, Владата на Република Северна Македонија во изминатите години активно работи и на унапредување на родовата рамноправност и подобрување на ефективноста на политиките и програмите во сите сфери на општественото живеење. Со усвојувањето на Законот за еднакви можности на мажите и жените се дефинираа, основните постулати и стратешки определби на Владата за еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на нивните права, како и еднакви придобивки од политиките и програмите.

Во согласност со домашните политики за родова еднаквост и меѓународните определби во областа на промоција на еднаквите можности на мажите и жените, Министерството за култура со оваа иницијатива се приклучи кон иницијативите за промоција и поддршка на еднаквите можности во областа на културата и изразува посветеност прашањата за родовата еднаквост да бидат интегрирани во националните културни политики и програми.

## 2. Вовед

Министерството за култура својата програма ја формира врз база на распишани конкурси, согласно одредбите од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18). Така во 2021 година во Буџетот на Министертвото за култура средствата се распределуваа врза база распишани Годишни конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година по дејности и области, со кои се финансираат проекти и прогами од национален интерес на националните установи од областа на културата, физички и правни лица, а под правни лица се подразбираат установи од областа на културата (локални или приватни), здруженија, сојузи, асоцијации, трговски друштва, трговци поединци и слично, регистрирани во регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од областа на културата. На Конкурсите беа финанисирани проекти во следниве дејности и области:

- заштита на културното наследство (музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство, библиотечна дејност, заштита на недвижно културно наследство и заштита на аудиовизуелни добра);
- визуелни уметности, архитектура и дизајн;
- музичка и музичко-сценска дејност и фолклор;
- драмска дејност;
- литература и издавачка дејност;
- меѓународна соработка;
- интердисциплинарни проекти.

Во рамките на Буџетот на Министерството за култура во 2021 година како и Програмата која се добива врз основа на објавените конкурси, не се одвојуваат наменски и директни буџетски средства за програми кои се родово-буџетски сензитивни, меѓутоа во конкурсните критеруми во 2021 година во Годишните конкурси за финансирање проекти од Национален интерес по одделени дејност и области во културата за 202 1 година, кај поголемиот број на дејностите и области воведен е општ приоритет за вреднување на проектите поточно дека тие можат да бидат „Проекти наменети за лица со посебни потреби, или лица од социјално-ранливи категории, или маргинализирани групи и сл"

Оваа програма е остварување на дел од стратешките насоки и приоритети зададени во Националната стратегија, поточно приоритет *4.8. Независен културен сектор* како еден од клучните фактори во создавањето на новите модели на практикување на културата. Исто така, независниот сектор има влијание врз критичкото промислување на културата и во евалуацијата на одлучувачките процеси во културните политики. Европските културни практики говорат за клучно учество на независниот културен сектор во сите сегменти во културата на локално и на централно ниво. Целта е културната и уметничката продукција, да се етаблираат како неодминлив сегмент, преку кој граѓанинот ќе може да го

преобликува општеството. Според својата организациска и содржинска структура, независниот културен сектор може да го трасира ваквиот пат на градење културна политика втемелена на принципите на демократизација, демонополизација, децентрализација и творечка автономија.

Во програмата за интердисциплинарни проекти, се опфаќаат проекти во кои се директно вклучени и родовите политики и тоа родовите принципи.

Во пријавата за **Интердисциплинарни проекти**, која содржи две (2) категории на проекти: *Интердисциплинарни* и *Нови модели на јавни простори во културата*, наведено е дека може да се аплицира за *Интердисциплинарни проекти*, категорија 1, точка 1.1 *Подготовка и реализирање на проекти кои содржат активности од различни области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други дејности, како, на пример: уметност и наука, уметност и технологија, уметност и родови политики, уметност и образование итн.*, а како приоритетисе дадени:

1 Проекти кои поттикнуваат учество на млади уметници од Република Северна Македонија.
2. Проекти кои поттикнуваат интеркултурен дијалог.
3. Проекти кои применуваат алтернативни, гранични и експериментални уметнички изрази.
4. Проекти наменети за лица со посебни потреби или за социјално-ранливи категории и сл.
5. Проекти кои работат на развој, управување и тестирање на нови модели на јавни простории културни содржини, кои одговараат на потребите на современата културно-уметничкасцена и во поширок контекст се општествено релевантни за заедницата.
6. Проекти кои стимулираат интерсекторско поврзување меѓу јавниот и независниот културен сектор.

Оваа категорија на проекти, која што се финансира од Програмата 72- Трансдициплинарни проекти во Министерството за култура, а која што се води преку Одделението за креативни индустрии и интердисциплинарни проекти, Сектор за дејности од областа на културата и уметноста.

## 3. Предложени интервенции (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Родовите нееднаквости во областа на културата може да се намалат со директно стимулирањеи финансирањена проекти кои ја истражуваат позицијата на жената и мажот во историјата, но и проекти од областа на создавање на тековно творештво и современа уметност, како и истражувања во културата, кои критички ги обработуваат социјалните, етичките и естетските и други аспекти во општеството од областа на родовите политики, позицијата на жените и мажите, но и останатите маргинализирани групи, трансродовите лица и сексуалните малцинства. Родовите нееднаквости може да се намалат и со финансирање на проекти чиј што подносител/и и автори/ки се жени, но и проекти кои треба да ги истражуваат условите поради кои жените немаат еднакви можности со мажите да се изразат/искажат во на културата, со цел овие препреки да бидат бидат отстранети преку обезбедување на институционална или финансиска поддршка и слично.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

Преку воведување на финансирање на проекти кои се однесуваат на ранливите категории (лица со посебни потреби, или социјално–ранливи категории, или маргинализрани групи и слично) во општите конкурсни критериуми, како и со воведувањето на родовите политики како посебна тематска целина во Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес за 2021 година и Интредисциплинарните проекти, директно, се стимулира поддршка на родовите политики и еднаквите можности како категорија во програмите на Министерството за култура.

Родовиот принцип и досега индиректно бил вклучен и во програмите на Министерството за култура од аспект на поддршка на голем број на жени уметници и творци, и проекти на стручни лица во дејностите од културата, но и од аспект на обработени теми во областа на заштитата на материјалното и нематеријалното културно наследство од историска перспектива, сепак со воведувањето интердисциплинарните програми, директно се финансираат проекти кои ги обработуваат родовите политики.

## 5. Анализа на буџетски алокации

Во согласност со член 65 став 4 од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Министерството за култура на Република Северна Македонија денеска, среда (24.02.2021 год.) на својата веб-страница (www.kultura.gov.mk) ги објави резултатите од Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година по дејности и области. Во таа смисла, и оваа година на објавените конкурси за поддршка на проекти од национален интерес за 2021 година во предвидениот рок (8.10.2020 до 10.11.2020 година) имаше голем одзив, односно во Министерството за култура пристигнаа 4538 апликации, доставени од физички лица, здруженија, сојузи, асоцијации, трговски друштва, трговци-поединци и други правни лица регистрирани во Република Северна Македонија за вршење дејности од областа на културата. Министерството за култура во 2021 година поддржа проекти кои се во функција на развојот, афирмацијата и промоцијата на културата, заштитата и промоцијата на културното наследство на нашата земја и сето тоа дополнето со проекти од младите и за младите. Особено беше посветено внимание на еднаквата родова застапеност, на инклузијата на лицата со попреченост и на интеркултурниот дијалог. Критериумите, приоритетите и мерилата врз чија основа се вршеше оцена на проектите по одделни дејности, беа содржани во пријавите кои се составен дел на конкурсите. Вреднувањето на проектите и на програмите беше извршено од страна на комисии составени од стручни и компетентни лица во конкретната област, почитувајќи ги принципите на мултиетничност и непостоење на судир на интереси. Поддржани се издржани и добро аргументирани проекти, концепирани со квалитетни уметнички содржини, проекти преку кои се негуваат и

поттикнуваат културниот диверзитет, уметничкото творештво и културниот развој. Значајна поддршка е дадена и на проектите преку кои се промовираат еднакви можности за сите (мултикултурни вредности во општеството, родова рамноправност, инклузија на лица со посебни потреби, социјално ранливи групи итн.). Категориите, приоритетите, критериумите и мерилата врз чија основа се вршеше оцена на проектите по одделни дејности беа содржани во пријавите кои се составен дел на конкурсите. Категориите, приоритетите, критериумите и мерилата врз чија основа се вршеше оцена на проектите по одделни дејности, беа содржани во пријавите кои се составен дел на конкурсите

Министерството за култура на Република Северна Македонија ги објавува и резултатите за поддржаните проекти на Повикот за националните установи од областа на културата, објавен во јуни 2021 година, на кој во законски утврдениот рок беа поднесени 1814 пријави за проекти кои се содржани во нацрт-годишните програми за работа на националните установи

Во однос на посебните дејности во програмата од аспект на родово буџетирање ги издвојуваме следните проекти :

**Програмата на Секторот за дејности од областа на културата и уметноста, Одделение за креативни индустрии и интердисциплинарни проекти,**

**Поткатегорија :Интердисциплинарни проекти**

Основната намена на оваа програма е да се поттикне финансирањето на проекти кои одстапуваа од досегашната традиционална поделба на уметничките сфери. Министерството за култура од конкурсниот циклус за 2018 година, воведе целосно нова конкурсна апликација за интердисциплинарни проекти, со што ја демонстрира и во пракса заложбата за приклучување на македонската култура кон современите и иновативни светски трендови во културата.

Оваа програма е остварување на дел од стратешките насоки и приоритети зададени во Националната стратегија, поточно приоритет *4.8. Независен културен сектор* како еден од клучните фактори во создавањето на новите модели на практикување на културата. Исто така, независниот сектор има влијание врз критичкото промислување на културата и во евалуацијата на одлучувачките процеси во културните политики. Европските културни практики говорат за клучно учество на независниот културен сектор во сите сегменти во културата на локално и на централно ниво. Целта е културната и уметничката продукција, да се етаблираат како неодминлив сегмент, преку кој граѓанинот ќе може да го преобликува општеството. Според својата организациска и содржинска структура, независниот културен сектор може да го трасира ваквиот пат на градење културна политика втемелена на принципите на демократизација, демонополизација, децентрализација и творечка автономија.

Во однос на реализирани средства од Буџетот на Министерството за култура за 2021 година, предвидените средства за родово-одговорно буџетирање се во рамки на Програма 72–Мултидисциплинарни програми, а согласно објавениот Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес за 2021 година, и Пријавата за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа интердисциплинарната дејност за 2021 година, каде што влегува и категоријата

„Интердисциплинарни проекти" (Подготовка и реализирање на проекти кои содржат активности од различни области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други дејности, како, на пример: уметност и наука, уметност и технологија, уметност и родови политики, уметност и образование итн).

Во Буџетот на Министерството за култура за 2021 година, во раздел 18010 – финансирање на дејности од културата, во Програма 72-Мултидисциплинарни програми, предвидени биле буџетски средства во износ од 21.400.000 денари, додека вкупната реализација во 2021 година на овие средства за Програмата 72-Мултидисциплинарни програми, изнесува 20.835.270 денари.

Вредноста на склучените договори за реализација на проектите по оваа програма за 2021 година изнесува 13.853.050 денари, додека вкупниот износ на исплатени средства по основ на склучените договори изнесува 11.732.550 денари

Од вкупно одобрените 60 проекти, жени-носителки на проектите се вкупно 22 (дваесет и две), од кои физички лица се 5 (пет) а правни субјекти 17 (седумнаесет,) за кои беше распределен буџет во износ од 6.143.050 денари.

Од нив 8 (осум) проекти имаат содржина која целосно или делумно третира теми од областа на родовите политики,а кои не се нужно трансдисциплинарни пректи со вкупен доделен буџет 3.77.000 денари, за што ви доставуваме табеларен приказ на издвоените поддржани проекти:

| Поддржани проекти чии носители се жени од Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година Програма 72-Интердисциплинарни проекти | | | |
|---|---|---|---|
| Р. бр. | Назив/име на учесникот на конкурсот | Наслов на проектот | Износ |
| 1 | Здружение на жени ромки „Есма" | „Развој на медиумската култура кај Ромите" | 63,000 |
| 2 | Српски културно информативен центар Спона - Скопје | „Летен фестивал за деца и м,лади 2021" | 180,000 |
| 3 | ЗЛУКР Арт Еквилибриум, Гевгелија | „БОШ Фестивал - Јадро" | 400,000 |
| 4 | Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културара | „Интердисциплинарна програма на Локомотива" | 800,000 |
| 5 | ИД - Концепт консалтинг и дизајн (издаваштво Чудна шума) | „Децата и планините" | 100,000 |
| 6 | Здружение за Изведувачки уметности Интимен театар Битола | „Жени" | 200,000 |
| 7 | Студио Приватен принт | VR studio | 250,000 |
| 8 | Здружение на граѓани за промоција на женските активности Тиииит!Инк- Скопје | Деветто издание на Фестивалот на феминистичка култура и | 325,000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | акција „Прво па женско“ | |
| 9 | Здружение за промоција на култура, уметност, материјален и духовен развој Центар за креативни инддустрии - Небо, Суводол | „Демир Хисар низ боите и звуците на уметноста“ | 103,700 |
| 10 | ЗГ Контрапункт | КРИК - фестивал за критичка култура06: Рационалност, солидарност, критика, искуства на слободата и отпорот | 900,000 |
| 11 | Сара Анастасовска | Културниот поткаст на Сара и Мартин | 85,000 |
| 12 | Елена Пренџова | Осовременувајќи ја Сирма војвода во урбан контекст | 76,350 |
| 13 | Дашурије Абдула | Мултитаск Интерактивни Ѕидови (МИЅ) | 500,000 |
| 14 | Здружение на граѓни за помош и поддршка на лица со Даунов синдром Трисомија 21 - Скопје | Работен наслов: „Можеме и повеќе“ | 150,000 |
| 15 | Зарије Јонузи Челику | Шизиците од моето одделение - Аудио Книга | 80,000 |
| 17 | Здружение „Пурпура“ - Тетово | „Уметноста, јазикот со кој зборуваме сите“ | 280,000 |
| 18 | Еурека Културен Центар | СОЕДИНУВАЊЕ Инклузија, танц, уметност | 200,000 |
| 19 | Ивана Мирчевска | Медиум Пукнатина (работен наслов) | 150,000 |
| 20 | ФЛАГЕЛУМ - Здружение за едукација, еднакви можности, лобирање и застапување на лица со посебни потреби, Скопје | Млади истражувачи | 250,000 |
| 21 | Установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“, Скопје / КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО | Годишна програма на „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО“ | 800,000 |
| 22 | ДООЕЛ Терапија | ТЕРАПИЈА: Креирање заеднички простор за развој на независна културна и клупска сцена | 250,000 |

| | Вкупно | | |
|---|---|---|---|
| | | | 6,143,050 |

| Проекти кои делумно третира области од родова политика во своите програми - Годишна програма за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2021 година Програма 72-Интердисциплинарни проекти | | | |
|---|---|---|---|
| Р.бр. | Назив/име на учесникот на конкурсот | Наслов на проектот | Износ |
| 1 | Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата | „Интердисциплинарна програма на Локомотива" | 800,000 |
| 2 | Здружение за Изведувачки уметности Интимен театар Битола | „Жени" | 200,000 |
| 3 | Здружение на граѓани за промоција на женските активности Тиииит!Инк-Скопје | Деветто издание на Фестивалот на феминистичка култура и акција „Прво па женско" | 325,000 |
| 4 | ЗГ Контрапункт | КРИК - фестивал за критичка култура 06: Рационалност, солидарност, критика, искуства на слободата и отпорот | 900,000 |
| 5 | Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје/ Коалиција МАРГИНИ Скопје | Фестивал за квир култура, уметност и теорија Викенд на гордоста Скопје 2021: Квир заедничкото: Политики на пријателството љубовта и афектите (СВП) | 150,000 |
| 6 | ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена | Модели на јавно-цивилни партнерства: нов бран на културни политики и практики за ко-управување со заедничките добра | 600,000 |
| 7 | Установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО", Скопје / КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО | Годишна програма на „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО" | 800,000 |
| | Вкупно | | 3,775,000 |

Во однос на родово-буџетските иницијативи за 2021 и 2022 година кои се доставени во Министерството за финансии при планирање на Буџетот на Министерството за култура за 2021 и 2022 година, истите се однесуваат за Програмата 72–*Мултидисциплинарни програми.*

## 6. Тесни грла и научени лекции

Министерството за култура, преку родово буџетската анализа, прави обид да ги интегрира родовите аспекти во програмите од областа на културата со цел да го придвижи намалувањето на родовиот јаз и редефинирањето на улогата на жената во македонската култура и уметничка историја.

Ваквите определби се во согласност со напорите на Владата на Република Северна Македонија да ја унапреди еднаквоста на жените и мажите и да промовира вредности со кои ќе се намалат стереотипите и да се потикне еднаквоста во сите сфери на општественото живеење.

Родовото буџетирањето е вградено во програмата на Министерството за култура во областа на *Интредисциплинарниоте проекти* кои наменски ја третираат во релацијата со родовите политики на уметоста и културата. Но, родовото буџетирање се забележува и како програмските приоритети на некои од националните установи од областа на културата кои делуваат во во областа на музејската дејност и нематеријалното културно наследство. Но сепак, родово сензитивни проекти можат да се најдат и во останатите дејности во културата, кои се подржани и финансирани од Министерството за култура, но за кои треба да се спроведат дополнителни анализи и стражувања. За таа цел во конкурсните пријави за Годишните конкурси за 2021 година, кои беа објавени во септември 2021 година, беше воведена графа во која требаше да се наведат број на лица кои се носители на проектите по пол/род.Истата практика опродолжи иво конкурсните пријавио за 2022 година.

Стратешкото планирање е сегмент, на кој треба повеќе да се поработи во иднина, бидејќи е еден од начините да се воочи и предвиди родовото-одговорно буџетирање, но за да се спроведе целосно, потребна е детална анализа на програмите на националните установи и на финансираните проекти од страна на Министерството за култура, од аспект на воочување на родово-сензитивни програми и активности, како процес од каде ќе се добијат конкретни бројки и статистички родово-разделени податоци. Сето тоа е неопходно, за да се дефинираат родовите индикатори кои би се користеле при изработка на идните стратешки планови.

## 7. Заклучоци и препораки

Прашањата на родовата еднаквост во сферата на кулурата и уметностите, пред се произлегуват од усвојување од современите тенденции и критички правци во современата естетска и критичка мисла, современата антрополгија, родовите студии, современата теорија на уметност,а од таму како интердисциплинарен пристап произлегуваат рецентни и нови уметнички и естетски практики кои уметноста ја третираат, не само како чин на естетско облагородување и исполување на естетските пориви на уметникот, но и како и како поле за воспоставување на современа дебата преку уметноста/културата за новите социјални превирања во општеството и како можност за воспостанување на социјални и

општествени промени.

Министерството за култура ќе продолжи да работи на подршка на инцијативи за промоција на уметнички, книжевни, научно истражувачки проекти и проекти од обласста на културата, историјата, историјата на уметноста, етнологијата итн, , за промовирање на жените како активни учесници во овие случувања и како дел од светската историја. Се очекува дека на овој начин ќе се надминат стереотипите и низ позитивни примери, културни и едукативно воспитни иницијативи, ќе се поттикне намалувањето на родовиот јаз во областа на културата и унапредување на еднаквоста.

Поттикнувањето на вклучување на родово-сензитивни пограми/проекти кои се спроведуваат од националните установи е еден од начините како да се подбри родовото буџетирање, но затоа се потребни обуки за родово-одговорно буџетирање и стратешко планирање кои ќе се спроведуваат во установите од културата.

Подготвила:Нада Пешева
Координаторка за еднакви можности

МИНИСТЕР,

Бисера Костадиновска-Стојчевска